

МАТЕРИЈАЛИ ЗА УЧЕЊЕ ПО ПРЕДМЕТОТ

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

# 4

ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ДРУГИТЕ ЗАЕДНИЦИ ЗА ЧЕТВРТО ОДДЕЛЕНИЕ

Ирена Трајкоска

Биро за развој
на образованието

МАТЕРИЈАЛИ ЗА УЧЕЊЕ ПО ПРЕДМЕТОТ

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

# 4

ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ДРУГИТЕ ЗАЕДНИЦИ ЗА ЧЕТВРТО ОДДЕЛЕНИЕ

Ирена Трајкоска

Биро за развој
на образованието

# СОДРЖИНА

ТЕМА I

## ЈАС, МОЕТО СЕМЕЈСТВО И МОИТЕ ПРИЈАТЕЛИ

ЗАПОЗНАВАЊЕ ... 5
ЈАС СУМ ... 5
ПОЗДРАВУВАЊЕ ... 8
МАКЕДОНСКА АЗБУКА ... 10
А,Н,Е ... 11
М,И,С ... 13
Д,П,У ... 16
Б,Т,О ... 20
В,Ј,Г ... 22
К,Л,Р ... 25
Ж,З,Ѕ ... 28
Ѓ,Ќ ... 31
Љ,Њ ... 33
Ф,Х ... 36
Ц,Ч ... 39
Џ,Ш ... 42
СЕМЕЈСТВОТО НА НИКА ... 45



ВЕЖБИ ЗА ЧЛЕНОВИ ВО СЕМЕЈСТВОТО....46
МОЈОТ ДОМ....49
БРОЕВИ....53
МОЕТО СЕМЕЈСТВО....55

ТЕМА 1

# ЈАС, МОЕТО СЕМЕЈСТВО И МОИТЕ ПРИЈАТЕЛИ



# ЛЕКЦИЈА 1 ЗАПОЗНАВАЊЕ




Здраво!

Јас сум ..................................................................

Здраво!

Јас се викам..........................................................

Здраво!

Моето име е .........................................................

Ова е ...................................................................



## 1 Ајде да пееме!



Здраво, здраво, здраво!
Како се викаш?
Здраво, здраво, здраво!
Јас се викам Петар.
Здраво, здраво, здраво!
Како се викаш?
Здраво, здраво, здраво!
Јас се викам Весна.
Секогаш ќе пеам песна.

## 2 Важно!

| Како се викаш? | Јас се викам... | Јас сум... |
|---|---|---|



**2** **Седни со другарчињата во круг! Играјте ја играта: Стани и претстави се! Се игра вака: откако ќе го кажеш своето име, го кажуваш и името на другарчето кое седи од твојата десна страна. Повикај го другарчето да го направи истото, а по него и останатите што седат во кругот!**




**Здраво!**

**Јас сум...**

**Ова е...**

# ЛЕКЦИЈА 2 ПОЗДРАВУВАЊЕ



Добро утро!




Добар ден!



Добровечер!

## РАЗГОВАРАМЕ



Здраво!



Догледање!



Добра ноќ!



**Како поздравуваме**

**Наутро – Добро утро!**

**Напладне – Добар ден!**

**Навечер – Добровечер!**

**(Добра вечер!)**



## ГОВОРНИ ВЕЖБИ

### ВЕЖБА 3

### ГОВОРНА ВЕЖБА ЗА ПОЗДРАВУВАЊЕ





**Вежба 1**

Наутро: ..............................................................

Напладне: ..............................................................

.............................................. – Добра вечер!

**Вежба 2**

– ........................................., наставнику/наставничке!

– Добар ден, Марко!

– Догледање, .........................................!

– Догледање, Марко!













# ЛЕКЦИЈА 3 МАКЕДОНСКА АЗБУКА

Аа Бб Вв Гг Дд

Ѓѓ Ее Жж Зз Ѕѕ

Ии Јј Кк Лл Љљ

Мм Нн Њњ Оо Пп

Рр Сс Тт Ќќ

Уу Фф Хх Цц

Чч Џџ Шш

Македонскиот јазик има 31 (триесет и еден) глас и 31 триесет и еден буква.





## ДА СЕ ЗАПОЗНАЕМЕ СО СЕКОЈА БУКВА!

| | | |
|---|---|---|
| Аа | Ее | Нн |
| Aa | Ee | Nn |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Аа | Авион | Антена | Ананас |  |
| Ее | Елен | Ена | Еж |  |
| Нн | Нога | Нож | Нoј |  |






Означи го со ✓ името што ќе го слушнеш и X за името што нема

Ана ☐ Марко ☐ Петар ☐ Матеј ☐ Сара ☐







## ЛЕКЦИЈА 4

| | | |
|---|---|---|
| Мм | Ии | Сс |
| Mm | Ii | Ss |

**Мм** Мечка Мајмун Молив 

**Ии** Игла Изгрев Инка 

**Сс** Свеќа Санка Секира 

### Вежба 1 АЈДЕ ДА ЧИТАМЕ

Ана е  дома.

И Мане е  дома.

Ана мие  садови.

Мане не мие.



### Вежба 1 ЗАОКРУЖИ ШТО Е ТОЧНО!



А: Здраво. Јас сум Ана.

Б: Здраво. Јас Ана.

А: Здраво. Јас Марко.

Б: Здраво. Јас сум Марко

## Вежба 3 ДИЈАЛОГ

Се запознаваат Марко и Петар

Здраво. Јас сум Марко. Ти како се викаш?

Здраво. Јас се викам Петар.

Мило ми е Марко.

И мене ми е мило , Петар.



**Дијалог за вежба меѓу ученици**

**А:** Здраво, јас се викам............................................. . Ти како се викаш ?

**Б:** Здраво, јас се викам............................................. .

**А**: Мило ми е........................................ .

**Б**: Мило ми е........................................ .



**Ново!**

**Како си ? - Добро / лошо / така-така**

**Другар/другарка/ ученик/ соученик/**









## Вежба 4 СЛУШАЈ И ПОВТОРУВАЈ

**Матеј**: Здраво. Јас сум Матеј. Ти како се викаш?

**Сара**: Здраво, Матеј. Јас се викам Сара.

**Матеј**: Како си Сара?

**Сара**: Јас сум добра, а ти како си?

**Матеј**: И јас сум добро.

**Сара**: Догледање Матеј!

**Матеј**: Догледање Сара.



| | |
|---|---|
| **Јас сум** | **Ние сме** |
| **Ти си** | **Вие сте** |
| **Тој е** | **Тие се** |
| **Таа е** | |
| **Тоа е** | |



Како си ? – Јас сум добро.

Како си? – Јас не сум добро.

Како се викаш?- Јас се викам .................................................................

Како е твоето име? – Моето име е .................................................................

## ЛЕКЦИЈА 5

| Дд | Пп | Уу |
|---|---|---|
| Dd | Pp | Uu |

**Дд** Двор Душек Дрво



**Пп** Петел Пат Палец



**Уу** Уво Ученик Ум



### ВЕЖБА ЗА ЧИТАЊЕ СО ВЕЌЕ УЧЕНИ БУКВИ

Ана е сама.

И Ема е сама.

Ана седи на маса.

Ема не седи на маса.

Мане падна.

Симе не падна.





## СЛУШАЈ!

**Петар:** Здраво, другари!

**Марко:** Здраво, Петар!

**Петар:** Другари, ова е мојот другар Денис.

**Сите:** Здраво, Денис!

**Марко:** Јас сум Марко, а ова е Сара.

**Сара:** Здраво, Денис! Ова е Ана.

**Ана:** Здраво! Ова е Матеј.

**Матеј:** Здраво! Јас сум Матеј. Мило ми е Денис.

**Денис:** И мене.

**Сите:** Ајде да играме!

Како се вика новиот другар?

..............................................

Што сакаат сите?

..............................................



## Вежба 2 СЛУШАЈ И ИЗГОВОРИ

**Матеј**: Петар , кој е ова?

**Петар**: Ова е мојот другар Денис.

1. Другар / Петар
2. Другар /Марко
3. Другар / Денис
4. Другарка /Сара
5. Другарка Ана

## Вежба 3 СЛУШАЈ И ИЗГОВОРИ

**Марко**: Кој е ова Сара?

**Сара**: Ова е мојата наставничка.

1. Наставник
2. Наставничка
3. Другар
4. Другарка



| | |
|---|---|
| **Јас сум** | **Ние сме** |
| **Ти си** | **Вие сте** |
| **Тој е** | **Тие се** |
| **Таа е** | |
| **Тоа е** | |



## Вежба 4 СЛУШАЈ И ИЗГОВОРИ

Јас сум другар. Ние сме другари.

Ти си .................... Вие .................... другари.

Тој е другар. Тие .................... ....................

Таа .................... другарка.

Тоа .................... другарче



## ДОПОЛНИ!

Сум/си/е/сме/сте/се

Другар/другарка/другарче/другари

Јас .................... ....................

Ти .................... ....................

Тој .................... ....................

Таа .................... ....................

Тоа .................... ....................

Ние .................... ....................

Вие .................... ....................

Тие .................... ....................



# ЛЕКЦИЈА 6 МОЕТО СЕМЕЈСТВО

| Бб | Тт | Оо |
|---|---|---|
| Bb | Tt | Oo |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Бб | Блуза | Банана | Буре |  |
| Тт | Тркало | Топка | Труба |  |
| Оо | Очила | Оган | Орев |  |

## Семејството од Ана





## ВЕЖБА ЗА СЛУШАЊЕ

**Ана:** Јас сум Ана .

Ова е мајка ми Марија.

Ова е татко ми Петар.

Ова е баба ми Кира.

Ова е дедо ми Методија.

Ова е брат ми Диме.

Ова е сестра ми Нате.

**мајка ми, татко ми, баба ми, дедо ми, брат ми, сестра ми**

## ВЕЖБА ЗА РАЗГОВОР

Како се вика мајката на Ана?

-Мајката на Ана се вика ........................................................................

Како се вика таткото на Ана?

-Таткото на Ана се вика ........................................................................

Како се вика бабата на Ана?

-Бабата на Ана се вика ........................................................................

Како се вика Дедото на Ана?

-Дедото на Ана се вика ........................................................................

Како се вика братот на Ана?

-Братот на Ана се вика ........................................................................

Како се вика сестрата на Ана?

-Сестрата на Ана се вика ........................................................................

## ЛЕКЦИЈА 7

| Вв | Гг | Јј |
|---|---|---|
| Vv | Gg | Jj |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вв | Волк | Воз | Вода |  |
| Гг | Глава | Глушец | Гума |  |
| Јј | Јајце | Јаболко | Јаже |  |

### ВЕЖБА ЗА ЧИТАЊЕ

Ева има сестра.

Блерим има брат.

Адријан има дедо.

Асан има баба.

Јакуп има дедо.

### ВЕЖБА ЗА ЧИТАЊЕ



Г _ м _ .



В _ л к .



_ а ж _ .





**Мој моја мое мои | Мојот Мојата Моето Моите**

## ГОВОРНА ВЕЖБА





Баба Есма

Ова е мојата баба .

Таа се вика Есма.



Мајка Јасна

Ова е мојата мајка.

Таа се вика .................................................



Сестра Асја

Ова е мојата сестра.

Таа се вика .................................................



Дедо Саме

Ова е мојот дедо.

Тој се вика Саме.



Татко Јане

Ова е мојот татко.

Тој се вика .................................................



Брат Јове

Ова е мојот брат .

Тој се вика .................................................

**Мојата мајка – мајка ми**
**Мојата баба – баба ми**
**Мојата сестра – сестра ми**

**Мојот татко – татко ми**
**Мојот дедо – дедо ми**
**Мојот брат – брат ми**

## СЕМЕЕН ПОРТРЕТ

- Претстави го своето семејство користејќи ја формата: мајка ми, татко ми, брат ми, сестра ми, баба ми, дедо ми.




- Претстави го своето семејство со формата мојот/мојата





## ЛЕКЦИЈА 8

| | | |
|---|---|---|
| Кк | Лл | Рр |
| Kk | Ll | Rr |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Кк | Када | Кит | Клупа |  |
| Лл | Лист | Лав | Лажица |  |
| Рр | Ракета | Риба | Рака |  |

### ВЕЖБА ЗА ЧИТАЊЕ

Кире носи лист.

Лиле носи молив.

Раде носи гума.

Кире и Лиле имаат листови.

Раде нема лист.

Раде и Лиле имаат гума.

Кире нема гума.

Кире, Лиле и Раде имаат моливи.

Тие сакаат да пеат.

| | | |
|---|---|---|
| Твој | Твојот татко/дедо/брат | Татко ти |
| Твоја | Твојата мајка/баба/сестра | Мајка ти |
| Твое | Твоето дете | Баба ти |
| Твои | Твоите родители/браќа/сестри | Дедо ти |
| | | Брат ти |
| | | Сестра ти |





**Мира / Иле / Кира / Киро / Крсте / Коле**

## Вежба 3 **ДИЈАЛОГ**

**Сара:** Марко ова е многу убава слика.

**Марко:** Да, тоа е моето семејство .

**Сара:** Кој е ова?

**Марко:** Ова е мојата мајка Мира.

**Сара:** Аха, а ова сигурно е твојата баба. Како се вика?

**Марко:** Мојата баба се вика Кира.

**Сара:** Многу убаво име. Како се вика твојот дедо?

**Марко:** Мојот дедо се вика Киро.

**Сара:** Ова мора да е татко ти Иле.

**Марко:** Да, тоа е татко ми.

**Сара:** Марко ти немаш сестра?

**Марко:** Не, јас немам сестра. Јас имам двајца браќа. Едниот се вика Крсте, а другиот се вика Коле.



Како се вика таткото од Марко? - Таткото од Марко се вика .................................................

Како се вика дедото од Марко? - Дедото од Марко се вика .................................................

Како се вика братот од Марко? - Братот од Марко се вика .................................................

Како се вика братот од Марко? - Братот од Марко се вика .................................................

Како се вика мајката од Марко? - Мајката од Марко се вика .................................................

Како се вика бабата од Марко? - Бабата од Марко се вика .................................................

## Вежба 5 **ДИЈАЛОГ**

**Направи дијалог со другарот што седи до тебе!**

| | |
|---|---|
| Како се вика мајка ти? | Мајка ми се вика |
| Како се вика дедо ти? | Дедо ми се вика |
| Како се вика татко ти? | Татко ми се вика |
| Како се вика брат ти? | Брат ми се вика |
| Како се вика сестра ти? | Сестра ми се вика |

| **Имам** | **Немам** |
|---|---|
| Јас имам двајца браќа. | Јас немам двајца браќа. |
| Јас имам две сестри. | Јас немам две сестри. |

## ЛЕКЦИЈА 9

| Жж | Зз | Ѕѕ |
|---|---|---|
| Zh zh | Zz | Dz dz |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Жж | Жаба | Жар | Желка |  |
| Зз | Зелка | Зајак | Златна |  |
| Ѕѕ | Ѕид | Ѕвонче | Ѕуница |  |

### 1. ВЕЖБА ЗА ЧИТАЊЕ

На ѕидот има слика.

На сликата има желка.

На сликата желката јаде зелка.

Зелката е убава.

Под ѕуница желката јаде зелка.

Желката ја изеде зелката.







**голем – поголем – најголем**

**голема – поголема – најголема**

## 2. ДИЈАЛОГ

**Марко:** Ѕвончето заѕвони, ајде надвор!

**Сара:** Не, Марко. Да не одиме надвор. Ајде да седиме тука на скалите!

**Петар:** Види ме колку сум голем! (*Се крева на прсти и се обидува да биде повисок.*)

**Ана:** А, не... (*Се качува две скали погоре.*) Јас сум поголема!

**Матеј:** Јас сум најголем! (И пробува да скока.)

(*Ги гледа дежурниот наставник и ги предупредува.*)

**Наставникот:** Деца, немојте да скокате на скалите!

**Матеј:** Наставнику, ние само сакаме да видиме кој е поголем!

**Наставникот:** Навистина, ајде тогаш да видиме! (*Ги реди децата по големина.*) Еве вака! Матеј е најголем, па Сара, па Петар, потоа Ана и на крај Марко. Само да знаете, најголем е оној што е голем другар, а не тој што е висок.

(*Ѕвончето ѕвони и сите се стрчуваат кон училницата.*)

## 3. РАЗГОВОР ЗА ДИЈАЛОГОТ:

- Каде се децата?
- Што прават?
- За што разговараат?
- Кој ги гледа?
- Дали им помага?
- Како им помага?
- Што им кажува на крај ?

На училиште/дома.

Учат/играат.

Наставник/деца/директор.

## 4. ПОДРЕДИ

**Подреди ги по ред дадените слики**



| | | |
|---|---|---|
| Најголема маса | Мала маса | Најмала маса |
| а) | б) | в) |

| | | |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| голема | поголема | најголема |





## ЛЕКЦИЈА 10

| Ѓ ѓ | Ќ ќ |
|---|---|
| Gj gj | Kj kj |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ѓ ѓ | Ѓон | Ѓомлезе | Ѓердан |  |
| Ќ ќ | Ќесе | Ќебе | Ќебапче |  |

**2. ЗАОКРУЖИ ШТО ИМА НА СЛИКАТА!**



## 3. ДИЈАЛОГ

(*Марко е на гости кај Матеј дома и разгледуваат различни фотографии и почнуваат разговор.*)

**Марко:** О колку убава фотографија Матеј! Каде сте овде?

**Матеј:** Тука сме на одмор во Турција.

**Марко:** Многу храна има на масава. А што е ова? (*Покажува на ѓомлезето.*)

**Матеј:** Тоа е многу убав турски специјалитет. Се вика ѓомлезе.

**Марко:** Навистина е многу убав?

**Матеј:** Да, навистина. Секогаш кога одиме тоа сакам да го јадам .

**Марко:** А што држи татко ти во раката?

**Матеј:** Па, паричникот за да плати!

**Марко:** Види, види што има позади, на столицата. Па тоа е ќебе.

**Матеј:** Да, навистина. Понекогаш кога е ладно се покривавме со ќебе бидејќи ресторанот беше надвор.

**Марко:** Многу е убав ѓерданот на мајка ти. Од каде си го купи?

**Матеј:** Од Турција го купи.

## РАЗГОВОР ЗА ДИЈАЛОГОТ

– Каде бил Матеј?

– Со кого бил?

– Што јадел?

– Што има таткото во раката?

– Што има на столицата?

– Што купила мајката?





## ЛЕКЦИЈА 11

| Љљ | Њњ |
| --- | --- |
| Lj lj | Nj nj |

**Љљ** Љубов Љубомора Љубопитен



**Њњ** Њујорк Коњ Њоки





## ДИЈАЛОГ

*Разговараат Ана и Марко.*

**Ана:** Марко, ова е многу убава фотографија.

**Марко:** Да, тука сме сликани во Драч, Албанија.

**Ана:** Марко, ова е тетка Мира, твојата мајка. А кој е ова до неа?

**Марко:** Тоа е братот на мојата мајка, Марк. Мене ми е вујко.

Ова е вујна ми. Таа е сопруга на Марк. Таа се вика Љупка.

**Ана:** А девојчево како се вика?

**Марко:** Таа е мојата братучетка Љубица.

**Ана:** А момчево?

**Марко:** Тоа е мојот братучед Њоки.

**Момче** **Девојче**

**Братучед** **Братучетка** **Братучеди**

**Вујко** **Вујна**





## 3. ЗАОКРУЖИ!

(**момче/девојче**)

А. Марко е момче/девојче.
Б. Ана е момче/девојче.
В. Љубица е момче/девојче.
Г. Њоки е момче/девојче.
Д. Сара е момче/девојче.
Ѓ. Петар е момче/девојче.
Е. Матеј е момче/девојче.
Ж. Јас сум момче/девојче.

## 4. ЗАОКРУЖИ!

(**братучед /братучетка/братучеди**)

А. Њоки е братучед /братучетка/братучеди на Марко.
Б. Љубица е братучед /братучетка/братучеди на Марко.
В. Љубица и Њоки се братучед /братучетка/братучеди на Марко.
Г. Марко е братучед /братучетка/братучеди на Њоки.
Д. Марко е братучед /братучетка/братучеди на Љубица.
Ѓ. Марко е братучед /братучетка/братучеди на Љубица и Њоки.

## 5. ЗАОКРУЖИ И ДОПОЛНИ!

**(вујко/вујна)**

А. Марк е вујко/вујна на Марко.
Б. Љупка е вујко/вујна на Марко.

## 6. ДОПОЛНИ!

– Мојот братучед се вика ________________.

– Мојата братучетка се вика ________________.

– Мојот вујко се вика ________________.

– Мојата вујна се вика ________________.

# ЛЕКЦИЈА 12

| Фф | Хх |
| --- | --- |
| Ff | Hh |

Фф Фотеља Филџан Филтер



Хх Хор Ходник Хефталица









## ДИЈАЛОГ

*Разговараат Ана и Марко.*

**Марко:** Ана, оваа фотографија е сликана во Турција?

**Ана:** Да, тука сме сликани во Истанбул.

**Марко:** Кој стои до татко ти Јане?

**Ана:** Тоа е братот на мојот татко. Тој се вика Јаков. Мене ми е чичко. Ова е стрина ми. Таа се вика Јасемин.

**Марко:** А девојчево како се вика?

**Ана:** Тоа е мојата братучетка Сема.

**Марко:** А момчево?

**Ана:** Тоа е мојот братучед Сем

**Момче** **Девојче**

**Братучед** **Братучетка** **Братучеди**

**Чичко** **Стрина**

## 7. ВЕЖБА (ЗАОКРУЖИ)

**(момче / девојче)**

А. Марко е момче/девојче.

Б. Ана е момче/девојче.

В. Сема е момче/девојче.

Г. Сем е момче/девојче.

Д. Сара е момче/девојче.

Ѓ. Петар е момче/девојче.

Е. Матеј е момче/девојче.

Ж. Другарот што седи до тебе е момче/девојче.

## 8. ВЕЖБА ( ЗАОКРУЖИ )

**(братучед / братучеда / братучеди )**

А. Сем е братучед / братучеда / братучеди на Ана .

Б. Сема е братучед / братучеда / братучеди на Ана.

В. Сем и Сема се братучед / братучеда / братучеди на Ана .

Г. Ана е братучед / братучеда / братучеди на Сем.

Д.Ана е братучед / братучеда / братучеди на Сема.

Ѓ. Ана е братучед / братучеда / братучеди на Сема и Сем.

## 9. ЗАОКРУЖИ И ДОПОЛНИ

**чичко / стрина**

А. Јаков е чичко / стрина на Ана.

Б. Јасемин е чичко/ стрина на Ана.

## 10. ДОПОЛНИ

- Мојот братучед се вика ........................................................................
- Мојата братучетка се вика ........................................................................
- Мојот вујко се вика........................................................................
- Мојата вујна се вика ........................................................................
- Мојот чичко се вика ........................................................................
- Мојата стрина се вика ........................................................................



## ЛЕКЦИЈА 13

| Цц | Чч |
|---|---|
| Ff | Ch ch |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Цц | Цвеќе | Црква | Црв |
| Чч | Чешма | Чизма | Чорап |



## ДИЈАЛОГ

*Разговараат Ана и Марко*

**Ана:** Марко и оваа фотографија е сликана во Турција?

**Марко:** Да, тука сме сликани во Чанак кале.

**Ана:** Не ја познавам женава, ни мажот, ни децава?

**Марко:** Тоа е сестрата на мојата мајка Мира . Таа се вика Кате. Таа мене ми е тетка.

Ова е тетин ми. Тој се вика Халид .

**Марко:** А девојчево како се вика?

**Ана:** Таа е мојата братучетка Хатиџе.

**Марко:** А момчево?

**Ана:** Тоа е мојот братучед Чинар

**Момче** **Девојче**

**Братучед** **Братучетка** **Братучеди**

**Тетин** **Тетка**

## 3. ЗАОКРУЖИ!

**(момче/девојче)**

А. Марко е момче/девојче.
Б. Ана е момче/девојче.
В. Чинар е момче/девојче.
Г. Хатиџе е момче/девојче.
Д. Сара е момче/девојче.
Ѓ. Петар е момче/девојче.
Е. Матеј е момче/девојче.
Ж. Другарот што седи зад тебе е момче/девојче.



## 4. ЗАОКРУЖИ!

**(братучед /братучетка /братучеди)**

А. Чинар е братучед /братучетка /братучеди на Марко.

Б. Хатиџе е братучед /братучетка /братучеди на Марко.

В. Чинар и Хатиџе се братучед /братучетка /братучеди на Марко.

Г. Марко е братучед /братучетка /братучеди на Чинар.

Д. Марко е братучед /братучетка /братучеди на Хатиџе.

Ѓ. Марко е братучед /братучетка /братучеди на Чинар и Хатиџе.

## 5. ЗАОКРУЖИ И ДОПОЛНИ!

**(тетин/тетка)**

А. Кате е тетин/тетка на  Марко.

Б. Халид е тетин/тетка на Марко.

## 6 ДОПОЛНИ!

- Мојот братучед се вика ........................................................................................................................................................................................................................................................................................................

- Мојата братучетка се вика ........................................................................................................................................................................................................................................................................................................

- Мојот вујко се вика........................................................................................................................................................................................................................................................................................................

- Мојата вујна се вика ........................................................................................................................................................................................................................................................................................................

- Мојот чичко се вика ........................................................................................................................................................................................................................................................................................................

- Мојата стрина се вика ........................................................................................................................................................................................................................................................................................................

- Мојот тетин се викаа ........................................................................................................................................................................................................................................................................................................

- Мојата тетка се вика ........................................................................................................................................................................................................................................................................................................

# ЛЕКЦИЈА 14

| | |
|---|---|
| Џџ | Шш |
| Dj dj | Hh |

Џџ Џип Џем Џеб



Шш Шише Шал Штрк







## ДИЈАЛОГ

*Разговараат Ана и Марко*

**Ана:** Марко на оваа фотографија ги познавам баба ти Кира и дедо ти Киро. Тие се мајка и татко на твојот татко Иле ?

**Марко :** Да , тука сме сликани во Охрид.

**Ана :** Не ги познавам другиве двајца ?

**Марко :** Ова е мојата баба. Таа се вика Илинка. Ова е мојот дедо. Тој се вика Петре . И тие ми се баба и дедо.

**Ана :** А ти што си му?

**Марко :** Јас сум му внук.

**Ана :** А ти и твоите браќа сте им ...... Што ?

**Марко :** Ние сме им внуци.

**Момче** **Девојче**

**Братучед** **Братучетка** **Братучеди**

**Внук** **Внука** **Внуци**

## 4. ВЕЖБА (ЗАОКРУЖИ)

**(момче / девојче)**

А. Марко е момче/девојче.

Б. Ана е момче/девојче.

В. Крсте е момче/девојче.

Г. Коле е момче/девојче.

Д. Сара е момче/девојче.

Ѓ. Петар е момче/девојче.

Е. Матеј е момче/девојче.

Ж. Другарот што седи зад тебе е момче/девојче.

## 5. ВЕЖБА ( ЗАОКРУЖИ )

**(внук / внука / внуци )**

А. Марко е внук / внука / внуци на Илинка .

Б. Илинка е баба/дедо/мајка/татко на Марко.

В. Марко е внук / внука / внуци на Петре .

Г. Петре е баба/дедо/мајка /татко на Марко.

Д. Коле е внук / внука / внуци на Илинка и Петре.

Ѓ. Марко , Коле и Крсте се внук / внука / внуци на Илинка и Петре .

## 6. НАПРАВИ СВОЈ ЦЕЛОСЕН СЕМЕЕН ПОРТРЕТ

Ти/ мајка/ татко/ брат / сестра/баба/ дедо/ чичко/стрина/ тетка /тетин/ вујко/ вујна





## ЛЕКЦИЈА 15

# Син Ќерка

**Мал Мала Мало Мали**

**Голем Голема Големо Големи**



**Семејството на Ника**

Сите семејства се различни. Некои се мали, а некои се големи. Ова е семејството на мојата другарка Ника.

Таа живее со мајка и татко, брат и две сестри. Таткото на Ника се вика Ноле, а мајката се вика Емина.

Нина е најмалата ќерка на Ноле и Емина.

Ника е поголема од Нина. А Надир е синот на Ноле и Емина.

Надир има 10 години. Тој е најголем.

### 1. ДОПОЛНИ!

– Таткото на Ника се вика ..................................................................

– Мајката на Ника се вика ..................................................................

– Братот на Ника се вика ..................................................................

– Сестрата на Ника се вика ..................................................................

### 2. ЗАОКРУЖИ!

– Нина е син/ќерка/брат/сестра на Ноле и Емина.

– Надир е син/ќерка/брат/сестра на Ноле и Емина.

– Ноле е син/брат/татко на Ника, Нина и Надир.

– Емина е ќерка/сестра/мајка на Ника, Нина и Надир.

## 3. ПИШИ ✓ ЗА ТОЧНО И X ЗА ГРЕШНО

– Ника живее со баба и дедо.

– Нина е најмала.

– Надир има 1 година.

– Таткото на Ника се вика Емина.

– Мајката на Ника се вика Емина.

## 4. КРСТОЗБОР : КОЈ РОДНИНА ШТО МИ Е МЕНЕ




**Вертикално**

1. Жена што ме родила.
2. Мајка на татко ми.
5. Сестра на мајка ми.
6. Брат на мајка ми

**Хоризонтално**

3. Татко на татко ми.
4. Брат на татко ми.
7. Жена на братот на мајка ми.





1. **Кој е ова? Ова е...**

**ПОВРЗИ!**











| |
|---|
| дедо |
| Мајка |
| Татко |
| Баба |
| Момче |
| Дедо |
| Девојче |

## 2. ИЗМЕШАНИ ЗБОРОВИ – ПРОНАЈДИ ГО ПРАВИЛНИОТ ЗБОР

А. јмака ........................................ Б. котат ........................................

В.барт ........................................ Г. доде ........................................

Д.ичочк ........................................ Ѓ. тинте ........................................

## 3. ИЗМЕШАНИ РЕЧЕНИЦИ – ПОДРЕДИ ГИ ПРАВИЛНО

А. другари/Марко и Матеј / се ........................................

Б. има/Сара/баба ........................................

В. брат/има /Ана ........................................

Г. Крсте / брат/има ........................................



### ПЕСНА ЗА МАМА

Мама е добра.
Мама е мила.
Мама секогаш има крила.
Мама ме гали.
Мама ме кара.
Мама секогаш мене ме бара.
Мама ме чува.

# ЛЕКЦИЈА 16 МОЈОТ ДОМ



Село



Град





Куќа



Стан

## 1. СЛУШАЈ И ПОВТОРИ

- Јас живеам во село.
- Јас живеам во град.
- Јас живеам во куќа.
- Јас живеам во стан.

## 2. ЗАОКРУЖИ!

– Јас живеам во село/град.

– Јас живеам во куќа/стан



## МОЈОТ ДОМ

Јас живеам во град.

Јас живеам во село.

Тука е моето семејство цело.

Јас живеам во стан.

Јас живеам во куќа.

И ништо не е важно,

кога сите сме тука

## 3. МОЈОТ ГРАД



Јас се викам Калин.

Јас живеам во град.

Името на градот во кој живеам се вика Берово.

Во Берово живеам во голема куќа.

Живееме заедно со мајка ми, татко ми, брат ми.

Во куќата до нас живеам баба ми и дедо ми.

## 4. ОДГОВОРИ

- Како се вика момчето? ....................

- Од каде е? ....................

- Каде живее? ....................

- Во што живее? ....................

- Кој живее со него? ....................

- Кој живее во куќата до него. ....................

## 5. ЈАС ЖИВЕАМ ВО / СО

Стави фотографии од твоето семејство и ...



## ДОПОЛНИ :

Јас се викам .................................................. Живеам во .................................. ..................................................

Живеам со ...........................................................................................................................

Мајка ми се вика ....................................................... Татко ми се вика .........................................................

Баба ми се вика ....................................................... Дедо ми се вика .........................................................

Брат ми се вика ..................................................................

Сестра ми се вика ..................................................................

Ние сме семејство.



## ЛЕКЦИЈА 18 БРОЕВИ



Препиши ги броевите! ↓

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Еден | |
| 2 | Два | |
| 3 | Три | |
| 4 | Четири | |
| 5 | пет | |
| 6 | Шест | |
| 7 | Седум | |
| 8 | Осум | |
| 9 | Девет | |
| 10 | Десет | |

## ДОПОЛНИ :

| | |
|---|---|
| 1 _д_н | 2 Д_а |
| 3 Тр_ | 4 Ч_т_р_ |
| 5 П_т | 6 Ш_ст |
| 7 С_д_м | 8 _с_м |
| 9 Д_в_т | 10 Д_с_ |



Изговори ги и напиши ги

**Еден , три, пет, седум, девет, два, четири, шест, десет, осум, девет**



| | | |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 4 | 5 | 6 |
| 7 | 8 | 9 |
| | 10 | |





# ЛЕКЦИЈА 19 МОЕТО СЕМЕЈСТВО

Јас си го сакам моето семејство. Ние сме петчлено семејство. Живееме во Тетово. Живееме во куќа. Јас имам еден брат и една сестра. Брат ми има 7 години. Сестра ми има 2 години. Јас имам 9 години. Ние секогаш сме заедно. Наша омилена игра е подавање со топка.

1. Колку години има мојата сестра?

.................................................................................................................................

2. Колку години има мојот брат?

.................................................................................................................................

3. Колку членови сме во семејството?

.................................................................................................................................

4. Колку години имам јас?

.................................................................................................................................

5. Во кој град живееме ние?

.................................................................................................................................

6. Која е наша омилена игра?

.................................................................................................................................

## МОЕТО СЕМЕЈСТВО

Здраво! Јас сум Карла! Јас имам 9 години. Ова е моето семејство! Мојот татко се вика Џони. Мајка ми се вика Џеси. Таа е многу убава. Мајка ми и татко ми имаат пет деца. Јас имам три браќа и една сестра. Најстариот брат се вика Бенет. Тој има десет години. Другиот брат се вика Новак. Тој има седум години. Мојата сестра се вика Талија. Таа има шест години. Мојот најмал брат се вика Калвин. Тој има три години.

## ПОДРЕДИ ГИ ДЕЦАТА ПО ВОЗРАСТ!

| Име | Години | Член во семејството |
|---|---|---|
| | | |
| Карла | 9 | сестра |
| | | |
| | | |
| | | |





# ЛЕКЦИЈА 19 МОЕТО СЕМЕЈСТВО

## МОЈОТ МАЛ БРАТ

Мојот брат е мал. Тој е бебе. Се вика Лук. Тој многу спие. Некогаш се смее кога спие. Кога не спие многу сака да јаде. Ако не јаде, тогаш плаче. Лук има една година. Јас имам пет. Мама вели дека сум голем. Тато вели дека сум добар. Баба вели дека сум силен. Дедо вели дека сум најдобар.

Заокружи го точниот збор за да добиеш точна реченица!

1. **Мојот брат е ............................................................**

   а) дете

   б) бебе

   в) момче

2. **Мојот брат се вика ............................................................**

   а) Лук

   б) Нук

   в) Тук

3. **Лук има ............................................................година.**

   а) три

   б) пет

   в) една

4. **Лук многу ............................................................**

   а) пие

   б) спие

   в) јаде

**Разговарајте за членовите во семејството!**







## АВАНТУРАТА СО КОЛАЧИЊА

Едно утро мама направи колачиња  . Сите сме радосни. Мама рече не смееме да ги фатиме. Колачињата се жешки. Мама ги стави во чинија .

Треба да чекаме 10 минути да се изладат.

Кога поминаа десет минути сите потрчавме кон колачињата. Ама немаше колачиња. Чинијата беше празна  . Нашето маче ги изело сите колачиња.



### Разговор за текстот

1. Што направи мама?
2. Кога ги направи мама?
3. Кој сака да јаде?
4. Во што ги стави?
5. Кој ги изеде?

| НОВИ ЗБОРОВИ | ВИЗУЕЛЕН РЕЧНИК |
|---|---|
| Маче – |  |
| Колачиња – |  |
| Јаде – |  |
| Има колачиња – |  |
| Нема колачиња – |  |